**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**



# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА АЦО ШОПОВ“

**25 - 26 мај, 2023**

## П Р О Г Р А М А

# ПРОГРАМА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

## ЧЕТВРТОК, 25 МАЈ 2023

**9.00 – 10.00**
**РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ**
**(аула на Правен факултет)**

**10.00 – 10.30**
**ОТВОРАЊЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА**
**(музичка изведба на студентите од Музичката академија при УГД и поетско читање на студенти од Филолошкиот факултет во Штип)**

**10.30 – 11.30**
**ПОЗДРАВНИ ГОВОРИ**

https://events.teams.microsoft.com/event/6cc83d5f-3c03-4123-9acf-751a1fa92c1f@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 327 303 239 176
Passcode: U3xj7A

Обраќање на **Јасмина Шопова - онлајн**

**Проф. д-р Дејан Мираковски**, Ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**, Декан на Филолошки факултет

**м-р Иван Јорданов**, Градоначалник на Општина Штип

**11.30 - 12.15**
**ПЛЕНАРНА СЕСИЈА**
**(сала за состаноци)**

https://events.teams.microsoft.com/event/6cc83d5f-3c03-4123-9acf-751a1fa92c1f@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 327 303 239 176
Passcode: U3xj7A

**Ранко Младеноски -** Метапоетските стихови на Ацо Шопов

**Блаже Китанов -** Првите творби на ученикот Ацо Шопов

**Sibelan Forrester** - Paths Into the World: Comparing the Virtues of Aco Šopov's Poetry as Translated Into English, French, Montenegrin, Russian and Serbian — **онлајн**

**Christina Kramer** - Translation and collaboration - **онлајн**

**12.15 - 12.30**
**ПАУЗА ЗА КАФЕ**
**(фоаје на Правен факултет)**

**12.30 - 14.30**
**Сесија 1 - Книжевност**
Модератор: **Иван Антовски**
**(сала за состаноци)**

https://events.teams.microsoft.com/event/9c28350d-7808-4e4c-b0ff-17f03dc60bef@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 389 262 214 980
Passcode: Jr4LRs

**Весна Мојсова-Чепишевска, Иван Антовски** - Каде е Македонија во поезијата на Ацо Шопов?
**Лидија Капушевска- Дракулевска** - Како се моли со тело? (Ацо Шопов, „Молитви на моето тело“)
**Луси Караниколова - Чочоровска** - Морфологија на тишината

**Елена Дараданова** - Рецепция на творчеството на Ацо Шопов в България (в контекста на рецепцията на македонската литература след 1990 г.) **- онлајн**

**Славчо Ковилоски** - Ацо Шопов на страниците на списанието „Нов Ден“

**12.30 - 14.30**
**Сесија 2 – Книжевност**
Модератор: **Јованка Денкова**
**(сала: тренинг центар)**

https://events.teams.microsoft.com/event/8284a9d9-2b01-41db-b385-2c2573f2bd28@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 377 217 859 050
Passcode: SwcJdD

**Виолета Николовска** - Минијатурите на Ацо Шопов

**Јованка Денкова** - Ацо Шопов како автор за деца и млади

**Ана Витанова-Рингачева** - Човекот како метафора во поезијата на Ацо Шопов

**Марија Иванова** - Метонимијата и матафората во поезијата на Ацо Шопов

**Ана Витанова-Рингачева, Сузана Мицева -** Литературните гледишта на Ацо Шопов

**12.30 - 14.30**

**Сесија 3 - Традуктологија**

Модератор: **Светлана Јакимовска**

**(сала: судница)**

https://events.teams.microsoft.com/event/125cb64d-a339-4c6d-8fa2-6db86abd8247@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 341 403 741 046
Passcode: uLMVar

**Марија Леонтиќ** - Препевите на поезијата на Ацо Шопов на турски јазик

**Анастасија Ѓурчинова, Јована Караникиќ Јосимовска** - Постапката „очудување“ во препејувањето на Ацо Шопов на италијански јазик

**Светлана Јакимовска** - Пулсот на Озирис во препевот на песната *Грозомор* од Ацо Шопов на француски и на англиски јазик

**14.30 - 15.30**

**ПАУЗА ЗА РУЧЕК**

**(коктел во фоајето на Правен факултет)**

**15.30 - 17.30**

**Сесија 4 - Лингвистика**

Модератор: **Елка Јачева-Улчар**

**(сала за состаноци)**

https://events.teams.microsoft.com/event/4e4ecc5f-f30c-4299-9fbe-aaf34fa8db17@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 393 284 434 769
Passcode: VwsgBj

**Гоце Цветановски** - Небиднината како мотив за семантичко-етимолошка анализа на поетскиот јазик на Ацо Шопов

**Елка Јачева-Улчар** – Јазичните иновации и изрази на Ацо Шопов во функција на стихот

**Атина Цветаноска** - Интерпретација на фигуративниот интензитет на ниво на содржината во поезијата на Ацо Шопов

**Мери Олумчева** - Јазичните отстапки во поезијата на А. Шопов

**Александра Чиварзина** - Анализ колоронимов в произведениях Ацо Шопова - **онлајн**

**15.30 - 17.30**

**Сесија 5 - Ацо Шопов во наставата по македонски јазик**

Модератор: **Марија Гркова**

**(сала: тренинг центар)**

| |
|---|
| https://events.teams.microsoft.com/event/939b747b-a81a-4480-bb54-8a89e092f942@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d<br>Meeting ID: 354 892 751 334<br>Passcode: wtEqnE |

**Марина Димитриева - Ѓорѓиевска** - Ацо Шопов во наставата по македонски јазик и литература во средното образование

**Марија Гркова** - Животот и творештвото на Ацо Шопов во наставата по Македонски јазик

**Лидија Камчева-Панова** - Хуманизација на личноста на ученикот преку поезијата на Ацо Шопов

**Марина Даниловска, Марина Спасовска** - Поетскиот опус на Ацо Шопов во учебниците по македонски јазик и литература

**15.30 - 17.30**

**Сесија 6 - Шопов за светот – светот за Шопов**

Модератор: **Махмут Челик**

**(сала: судница)**

| |
|---|
| https://events.teams.microsoft.com/event/0049dce0-5036-4435-b2cf-4f0abe3cb401@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d<br>Meeting ID: 331 812 320 001<br>Passcode: tu6D7e |

**Соња Стојменска-Елзесер** - Космополитската поетска визија на Ацо Шопов

**Весна Кожинкова** - Хетеролошките аспекти на поезијата на Шопов

**Васко Шутаров** - Културната дипломатија и Ацо Шопов - **онлајн**

**Махмут Челик, Ивана Котева, Рефиде Шаини** - Atso Şopov’un Sanatını Türk Okurlarına Tanıtmak

**Иво Митев** - Шопов за светот – светот за Шопов - **онлајн**

## ПЕТОК, 26 МАЈ 2023

**10.00 - 12.00**
**Сесија 1 - Книжевност**
Модератор: **Милена Ристова - Михајловска**
**(сала за состаноци)**

https://events.teams.microsoft.com/event/fc843174-1f9e-429d-a677-41113c96b665@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 311 986 076 544
Passcode: aYXm5K

**Ева Ѓорѓиевска** - Архетипските слики на небиднината во поезијата на Ацо Шопов

**Лилјана Јовановска** - Интимната лирика на Ацо Шопов

**Андреј Стојановски** - Ацо Шопов и црното сонце

**Милена Ристова - Михајловска** - Поезијата на Ацо Шопов низ библиографските единици на одредени европски електронските бази. Шопов и Штип – нераскинлива нитка

**Христина Игнатовска - Димитрова** - Вонвременската димензија на поетската реч на Ацо Шопов

**Данијела Костадиновић** - Компаративни приступи поезији Аца Шопова и Бранка Миљковића у српској књижевној критици - **онлајн**

**10.00 - 12.00**
**Сесија 2 - Традуктологија**
Модератор: **Даринка Маролова**
**(сала: судница)**

https://events.teams.microsoft.com/event/755f5d02-5911-4627-9546-ed7a2cc2ab15@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 347 373 873 050
Passcode: sN4zpp

**Емил Ниами** - Препевите на поезијата од Ацо Шопов на руски јазик

**Ирина Бабамова** - Елементите на егзотика во препевите на Ацо Шопов од француски на македонски јазик - **онлајн**

**Јелена Тричковска, Сандра Буљановиќ Симоновиќ** - Анализа оригинала и превода поезије Аца Шопова на српски и мађарски језик

**Даринка Маролова, Драгана Кузмановска** - Застапеноста на суфиксните деривати во поезијата на Ацо Шопов и нивни преводни еквиваленти во германскиот јазик

**10.00 - 12.00**

**Сесија 3 - Културологија**

Модератор: **Лорета Георгиевска**

**(сала: тренинг центар)**

https://events.teams.microsoft.com/event/77988754-cdca-48a9-bf85-aa5927510dc3@44e77a94-f072-4e8f-821a-fc2dc02cc65d
Meeting ID: 339 341 957 342
Passcode: 7eUig9

**Мишел Павловски -** Борбената поезија на Шопов

**Звонко Танески** - Ацо Шопов во словачкиот книжевен и културен ареал - **онлајн**

**Намита Субиото** - Ацо Шопов во словенечката културна средина - **онлајн**

**Радица Стојановска** - *Песна на црната жена* од Ацо Шопов во контекст на деколонијализмот и постколонијализмот

**Лорета Георгиевска -** Африканските мотиви во поезијата на Шопов

**Наташа Сарафова** - Профилот на Ацо Шопов во интернет просторот

**Марија Емилија Кукубајска -** Локален активизам, универзални идеи

**12.30 - 14.30**

**ПОСЕТА НА СПОМЕН СОБАТА НА АЦО ШОПОВ**
**И ДРУГИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО ШТИП**

**14.30 - 15.30**

**ЗАВРШЕН КОКТЕЛ**

# ПЛЕНАРНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА „МЕТАПОЕТСКИТЕ СТИХОВИ НА АЦО ШОПОВ“ ОД ПРОФ Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ (КРАТОК ОСВРТ)

**(УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА АЦО ШОПОВ“ – ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, ШТИП, 25 - 26 МАЈ 2023 ГОДИНА)**

На Меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“, што се одржа на 25 и 26 мај 2023 година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, професорот Ранко Младеноски учествуваше со пленарно предавање на тема „Метапоетските стихови на Ацо Шопов“. Целта на ова секциско предавање беше да се претстават и да се интерпретираат песните на Ацо Шопов кои зборуваат за тајните на самиот творечки процес при создавањето на песната. На почетокот од излагањето беше нагласено дека во поетскиот опус на Шопов има еден значителен број песни кои претставуваат израз на односот на поетот кон песната, односно на неговото сфаќање на карактерот или на суштината на поезијата. Тоа се „песни за песната“, односно „песни за поезијата“. Во ваквите песни се наѕира одговорот на неколку прашања: „Што е поезијата за Ацо Шопов?“; „Како ѝ пристапува Шопов на песната и какво е неговото сфаќање, разбирање за неа?“; „Чуму поезија и со каква цел?“. За да се одговори на овие дилеми, како корпус, односно како апликативен материјал, земени се предвид песни од збирките „Слеј се со тишината“ (1955), „Небиднина“ (1963) и „Гледач во пепелта“ (1970).

Во текот на пленарното предавање, Младеноски ги елаборираше суштинските метапоетски, односно металитерарни својства на поезијата на Ацо Шопов:

Поетската опсесија на Шопов од „Небиднина“ па натаму, пред сѐ, е фокусирана на – зборот. И тоа не кој-годе збор, ами зборот сфатен како праматерија на песната, како извориште на поезијата, како источник на стихот. Очигледно, нашиот поет немал некоја особена мака со прифаќањето на автентичноста на дефиницијата која вели дека книжевноста, а со тоа се разбира и поезијата, е уметност на зборот. Тоа го афирмира и современата наука за книжевноста. Во таа смисла, на пример, професорот Атанас Вангелов децидно ја потврдува точноста на ваквата определба за книжевноста: „Со оглед на простиот факт што, уште на самите почетоци на систематското теориско мислење за литературата (традицијата што ја установи *Поетиката* на Аристотел), воопшто не се оспорува нејзиниот вербален карактер: таа ’потекнува‘ од – зборови; манипулира со – зборови и, во крајна смисла, произведува зборови“. Стихотворниот стожер на метапоезијата на Ацо Шопов, секако, е неговата антологиска песна „Раѓање на зборот“, од збирката „Небиднина“ од 1963 година. Се чини дека сите метапесни на Шопов, на еден или на друг начин, гравитираат токму кон оваа песна при што се одвива еден креативен книжевен процес на нивно меѓусебно надополнување со значења. Зошто оваа песна е стожерна во метапоезијата на Шопов и, на крајот на краиштата, зошто таа песна предизвика огромен интерес кај книжевната критика, но и кај преведувачите? Затоа што тоа е фундаменталната „програмска песна“ на Шопов и затоа што во неа се рефлектира сликата за мистериозното и мистичното создавање на поезијата, но и сликата за библиското создавање на светот, а со тоа и силата на зборот. Од парапоетските текстови на Шопов (интервјуа, разговори, статии и слично) стануваат сосема јасни и чисти овие слики за раѓањето на зборот, за чинот на создавање поетска книжевна творба. Во едно интервју за „Књижевне новине“ од 1969 година Шопов вели: „Поетот е во песната како во студена пештера, како во непрегледна шума каде што, наместо дрвја, лежат огромни, расфрлани и скаменети зборови. Тој е оној што треба да ги спаси од смртта, да ги разбуди од скаменетиот сон, да ја оживее шумата, за да почне дрвјето да оди. Често тој успева во тоа, а можеби уште почесто стои во неа, во таа шума, збунет и беспомошен, попусто повикувајќи ги да му помогнат во очајот поранешните поетски искуства. Попусто, зашто секоја песна е едно посебно откритие, едно посебно поетско сознание што не може да се повтори ако е веќе еднаш доловено“. А една година подоцна, во 1970 година, во

разговорот со Ташко Ширилов за дневниот весник „Вечер“, нашиот поет децидно се дообјаснува: „Поезијата претставува тврдина што поетите настојуваат да ја освојат по секоја цена, а таа постојано опстојува неосвоена. Чинам дека токму со таа особина поезијата се наметнува како врвен опсен на човековиот дух. Поетот прави напори да ја освои тврдината, но финале за секој негов повторен поход кон целта претставува сознанието дека поетот место да ја освои тврдината, чувствува дека тој е освоен од неа, а токму во мигот на таквото чувство почнува вистинското блаженство на поетот“. По ваквите искажувања на Шопов нема дилеми за значењето на метафорите „глужд на глужд“, „камен врз камен“, „камена шума“, „утробата на зборот“, „смртите на зборот“, „проклетија“, „тврдина камена“ и други од „Раѓање на зборот“. Станува јасно дека тоа е песна која зборува за песната, дека тоа е поезија која зборува за самата поезија. Овие метафори поттикнуваат бројни асоцијации за идентични ставови од книжевно-теориско потекло. Прво што ни паѓа на ум е тезата за „јазиците како гробишта од тропи“ и за „воскреснувањето на зборот“ на Виктор Борисович Шкловски од ерата на руската Формалистичка школа. Тука е и поетската филозофија на Блаже Конески за „откривањето на песната“ во есејот „Еден опит“ каде што се вели: „Повеќе пати сум говорел за откривањето на песната, за тоа дека песната повеќе ја откриваме отколку што ја пишуваме... Можеби до истото доживување нè доближуваат и зборовите на Микеланџело дека тој ги правел своите скулптури така што од каменот го отфрлал тоа што е непотребно“.

Но, слични металитерарни постапки како оние во стиховите од „Раѓање на зборот“ среќаваме и во песни од други поети. Гане Тодоровски, на пример, зборува за блаженството од макотрпноста при „сторувањето“ на песните. Имено, неговата „Приказна во бело“ завршува со два метапоетски стиха („Снежи... Зора... Тежи збор... А потешко е кога свесно / најубави чувства гориш за да сториш една песна“) кои, секако, кореспондираат со последните стихови од „Раѓање на зборот“ на Шопов: „Отвори ме/ проклетио,/ ти тврдино камена,/ да изгорам во јагленот на зборот, да се стопам“. За зборот и за поезијата, Блаже Конески, исто така, напиша неколку метапесни: антологиската „Везилка“ од истоимената збирка од 1955 година; „Ars Poetica“ од „Стари и нови песни“ од 1979 година; „Песната“ од збирката „Црква“ од 1988 година; песните „Зборот“, „Македонски поети“ и „Занает“ од „Сеизмограф“ од 1989 година и други. Сите тие песни, како и „Раѓање на зборот“ на Ацо Шопов, говорат за поезијата, ја дефинираат поезијата што првично е работа на науката за книжевноста. Затоа велиме дека тоа се металитерарни песни, песни со автореференцијален карактер или, како што нагласува Патриша Во, тоа е самосвест на литературата дека е литература.

Иако Шопов се занимава со проблематиката на зборот доминантно од збирката „Небиднина“ па потоа и во другите стихозбирки, како што и веќе кажавме погоре, сепак и во некои претходно објавени песни се наоѓаат зачетоци на неговата метапоезија. Да ја земеме за пример песната „Кон галебот што кружи над мојата глава“ од збирката „Слеј се со тишината“ од 1955 година. Оваа песна поетот ја завршува со стиховите: „Јас сум лотка, осудена/ на судир со непознатото“. Тоа се метастихови кои ја определуваат поезијата како потрага по новото, по неоткриеното, по непознатото. Можеме да видиме овде во овие стихови, како аргумент, и некаков симболистички призвук на потрагата по „непознатото Ново“ (на Бодлер, на пример), но несомнена потврда за металитерарноста на овие два стиха наоѓаме повторно во едно искажување на Шопов во разговор што го води со него Тодор Чаловски за емисијата „Културен мозаик“ во Радио Скопје од 1970 година. Во овој разговор, Шопов нè известува за следното: „Моето досегашно поетско искуство ме учи дека вистинската поезија е свест за онаа скриена тајна, многу значајна и до крај неодгатлива смисла на животот, понирање во оној ред на нештата што се наоѓа некаде длабоко закопан под хаотичноста на појавните облици. Таа е предизвик за патување во неизвесноста, кон непознатото, таа е клуч што ги отвора вратите на оној чудесен свет кој, ако веќе еднаш во него се навлезе, може да нè доближи, да ни ги објасни и да ни ги направи прифатливи суштинските прашања на времето во кое конкретно живееме, и на времето во кое животот како таков се одвива и тече“.

Од друга страна, и песната со наслов „Ноќта“ од „Слеј се со тишината“ ни зборува за карактерот на поезијата. Стиховите во кои се вели дека ноќта „... само со поетите/ има допир силен ко најприсно сливање.// Сал ним им ги отвора широко зениците/ топли од сонувања за дни недонесени,/ меѓу сите предели ги брише границите…/ Затоа поетите гледаат занесени“, секако, дека имаат метапоетска функција затоа што ноќта станува метафора за поезијата во стихот „меѓу сите предели ги брише границите...“. Тоа е, всушност, и основниот механизам на создавањето на песните во кои целта е да се бришат разликите меѓу нештата, да се спојуваат нешта кои се далечни и тоа или преку некоја нивна сличност (аналогија, односно метафора) или преку некоја нивна блискост (контигвитет, односно метонимија). Ако инсистираме на примери за ова, може да ни послужат синестезијата или, пак, оксиморонот.

За „програмска песна“ ја сметаме и „Молитва за еден обичен но уште непронајден збор“ од циклусот „Молитви на моето тело“ во збирката „Небиднина“. Очигледно е и од самиот наслов на песната дека Шопов е застапник на идејата за едноставноста на поезијата или, кажано со стиховите на Конески, за „проста и строга македонска песна“. Имено, именката „збор“ во оваа песна, како и во многу други песни на Шопов, е метонимија за песна (pars pro toto), па „во превод“ насловот би бил „Молитва за една обична но уште непронајдена песна“. Синтагмата „обично дрво“ е, исто така, метонимија за шумата од „Раѓање на зборот“ (за што веќе зборувавме погоре). Компарацијата „како чедност“ („Пронајди збор.../ ...што е како чедност во секое молење прво“) е јасна и сосема разбирлива импликација за тоа дека за Шопов поезијата треба да се краси со скромност, невиност, непорочност и честитост, односно чесност (тоа значи именката „чедност“). Па оттаму ќе речеме дека Шопов се застапува за афирмативни морални вредности во поезијата, односно за етика во естетиката.

Од циклусот „Песната и годините“ во „Небиднина“ ќе ги издвоиме песните „Очај пред тврдината“ и „Песната и годините“ како најрепрезентативни за нашата тема. Како клуч за отворање на значењето на песната „Очај пред тврдината“ ќе ни послужат интерпретативните алатки што ги користевме при анализата на „Раѓање на зборот“ како метапоетска творба. Тврдината камена од „Раѓање на зборот“ е тврдината во „Очај пред тврдината“, а тоа значи дека и овде поетот говори за креативниот чин на „откривање“ на песната, за чинот на „раѓање на песната“. Тврдината е метафора за песната, за поезијата. Амбиентот во двете песни е идентичен. Стихот „Чади ноќта“ од „Раѓање на зборот“ е трансформиран (транстекстуализиран) во хијастичкиот стих „Ветар и оган, оган и ветар“ во „Очај пред тврдината“. Синтагмите „грозна немост“ и „грозен молк“, што му се припишуваат како особини на лирскиот субјект, се метафори за сè уште непронајдениот збор, за „неродениот“ збор што го предизвикува тој „Очај пред тврдината“. Но, епилогот на овој „Очај пред тврдината“ резултира со креација, зашто сепак „секоја ноќ тврдината ја буди/ сонцето на тие што се мртви“, односно песната е „родена“ со светлината на воскреснатите зборови. Во стихотворбата „Песната и годините“, пак, лирскиот субјект се идентификува со песната – поетот ја создава песната, но и песната го создава поетот.

На крајот од пленарното предавање беше заклучено дека зачетоците на металитерарноста во поезијата на Шопов треба да се лоцираат во збирката „Слеј се со тишината“ од 1955 година. Извесни проблесоци на метастих има и во збирката „Ветрот носи убаво време“ од 1957 година (на пример, стихотворбата со наслов „Песна“), но со оваа проблематика Шопов доминантно се преокупира веќе со збирката „Небиднина“ од 1963 година. Интересот на нашиот поет е фокусиран на зборот, односно на потрагата по соодветниот, автентичниот, вистинскиот поетски збор како универзална категорија. Може да се рече дека тој збор во метапоезијата на Шопов ја добива улогата на шести праелемент (покрај земјата, воздухот, водата, огнот и духот) кој има моќ да создава божествена поезија, а со тоа да го облагородува светот, односно да го облагородува Човекот.